**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Осмото продолжение на Деведесет и деветтата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 20 јули 2005 година**

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија (сала број 1) со почеток во 14,50 часот.

Седницата ја отвории со неа раководеше Љупчо Јордановски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љупчо Јордановски:** Продолжуваме со работа по 99-та седница на Собранието на Република Македонија.

**Минуваме на точката 3 - Избор на член на Републички судски совет.**

Комисијата за прашања на изборите и именувањата поднесе предлог за избор на член мна Републички судски совет кој ви е поделен и Комисијата за прашања на изборите и именувањата предлага овој член на Републичкиот судски совет да биде избран со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници при што мора да има мнозинство гласови од вкупниот број пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Отворма претрес по Предлогот Исмаил Дарлишта да биде избран за член на Републички судски совет.

Ве молам, кој бара збор. (Никој)

Бидејки нема пријавени за збор, го заклучувам претресот.

Ги повикувам сите пратеници да влезат во салата.

Објавувам пауза од 10 минути.

Ќе гласаме во 15,00 часот.

(По паузата)

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Господинот Караџоски процедурално.

**Жарко Караџоски:** Господине претседателе, јас би сакал да ми објасните како претседател, зошто оваа точка сега ја ставаме на дневен ред. Значи, избираме член на Републички судски совет, меѓутоа да не заборавиме дека во тек ни се уставни измени каде што тој орган од утре нема да постои. Можеше Републичкиот судски совет да работи толку време без еден член. Зошто се инсистира баш сега да го докомплетираме кога од утре ќе имаме сосема нов орган со сосема ново име и со сосема нови членови.

**Љупчо Јордановски:** Господине Караџоски, само да ми го кажете, тоа утре, колку е? Колку време е, тоа утре, што рековте сега?

**Жарко Караџоски:** Па закажавте претседателе на 29-ти јас колку што памтам.

**Љупчо Јордановски:** Да, но имаме после 60 дена расправа, општа расправа, значи за 3, 4 месеци ќе бидат новите уставни амандмани. А до тогаш Републичкиот судски совет треба да работи. А посебно тоа беше и точка на дневен ред.

Расправата е затворена. Благодарам.

Значи, господине Стојаноски не е процедурата прекршена во ништо.

Повелете господине Стојаноски, процедурално.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

**Блаже Стојаноски:** Само кратко господине претседателе. Се работи за предлог, кој што беше министер во Владата порано. Ако зборуваме веќе за независност на судството, она што го спомна господинот Караџоски.

**Љупчо Јордановски:** Не е процедурално.

Предлогот Исмаил Дарлишта да биде избран за член на Републички судски совет го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 81 пратеник, 72 за, 1 воздржан, 8 против.

Ги молам пратениците кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија да се произнесат по предлогот со кревање на рака.

Кој е за предлогот, молам да крене рака. (19 пратеници)

Дали има некој против. (Нема)

Дали има некој воздржан? (Нема)

Констатирам дека од вкупно 35 пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија за предлогот гласаа 19 пратеници, нема против, нема воздржан.

Констатирам дека Исмаил Дарлишта е избран за член на Републички судски совет.

Ви благодарам.

Продолжуваме со работа утре со почеток во 11,00 часот.

(Седницата прекина во 15,10 часот).